Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura Shtetërore e Republikës
së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДП. бр.02-141/20-7
07.02.2022 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# П Р А В И Л Н И К
# З А  И З М Е Н У В А Њ Е  И  Д О П О Л Н У В А Њ Е  Н А
## ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Февруари 2022

Врз основа на член 9 а во врска со член 30 и член 31 од Законот за Државно правобранителство на Република Северна Македонија Службен весник на РМ.бр.87/07 и 104/15) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор Сл.Весник на РМ бр.27/14,199/14,27/16,35/18 и 198/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.143/2019 и 14/2020) Државниот правобранител на Република Северна Македонија донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ**
**За систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Северна Македонија ДП бр. 02-141/20-2 од 03/06/2021, ДП бр. 02-141/20-3 од 23/02/2021, ДП бр. 02-141/20-4 од 16/03/2021, ДП бр. 02-141/20-5 22/06/2021, ДП бр. 02-141/20-6 24/12/2022 година и тоа:

**Член 2**

Во табеларниот преглед на работните места , работното место со број 10 со шифра УПР 01 01 В04 000 ,и назив Помлад соработник за обука вработување и мотивација во делот број на извршители зборовите ,, 8 “ ( 2 во Скопје, 2 Тетово, 2 Куманово, Гостивар 1, Кичево 1) се заменуваат со зборовите ,,8 ” ( 3 во Скопје, 2 Тетово, 2 Куманово, Кичево 1).

**Член 3**

Во табеларниот преглед на работните места, во Сектор за управување со човечки ресурси во Одделение за организациски развој и обука , работното место со реден број 9 шифра УПР 01 01 В02 000 назив на работно место Виш соработник за управување со системот за управување со ефектот на административни службеници , во делот број на извршители наместо “2” ќе стои “3” а во делот вид

на образование по зборовите образование,правни науки, јавна управа и администрација се додава и “*политички науки*”.

## Член 4

Во табеларниот преглед на работните места, во Сектор за управување со човечки ресурси во Одделение за матична евиденција , работното место со реден број 15 шифра УПР 01 01 Г04 000 назив на работно место помлад референт за информативен систем за апликативни и хардверски решенија и база на податоци ова работно место се брише.

## Член 5

Согласно извршените измени во интегралниот текст на правилникот се вршат изменувања и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот.

## Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ФЕХМИ СТАФА**